ЕСЕН 2007 ◻ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

## Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија







Во периодот од 2004 до 2007 година, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го спроведуваше проектот "Развивање на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) во Република Македонија". Општините Ѓорче Петров, Илинден, Виница, Дојран, Теарце и Дебарца добија финансиска помош за изработка на стратешкиот ЛЕАП документ, директна инвестиција за решавање на еден еколошки приоритет, како и обемни технички курсеви за зајакнување на локалните капацитети за управување со животната средина.

Како резултат од успешното спроведување на проектните активности, Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida) и Регионалниот центар за заштита на животната средина потпишаа втор договор за поддршка и развивање на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) во Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано од UNSCR 1244) во периодот 2007- 2010 год. Целта на проектот е доделување финансиска поддршка на 19 општини во регионот при развивањето на нивните ЛЕАП документи, што понатаму ќе придонесе кон подобрување на начинот на планирање и управување со животната средина. По завршувањето на ЛЕАП документот, Sida и РЕЦ заедно со општините, ќе обезбедат финансиска поддршка во висина од 1.43 милиони Евра наменети за спроведување на еден од приоритетите во општините.







**Канцеларијата на РЕЦ во Македонија објавува повик за доставување пријави заради доделување поддршка за развој на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАПи) во општините во Република Македонија.**
**Општините од Република Македонија кои планираат да работат на развивање на ЛЕАПи се поканети да аплицираат.**




Максималниот износ на неповратни средства по проект изнесува 7,000 Евра (за поголемите општини) и 5,000 Евра (за помалите општини). Крајниот рок за доставување на пријавите е 29 февруари, 2008 година.



Повеќе информации на: www.rec.org.mk

# ПОМОШ ВО ИЗРАБОТКА НА НОВА ЛЕГИСЛАТИВА ПОВРЗАНА СО ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Регионалниот проект "Помош во изработка на нова легислатива поврзана со заштита на животната средина" кој беше дел од РЕРеП програмата и се спроведуваше во регионот во периодот 2001-2003 г. доби свое продолжување во рамките на CARDS програмата за периодот 2007-2009 година. Во рамките на проектот вкупно до сега се одржани 6 состаноци од кој последниот беше организиран на 15 и 16 ноември 2007 година во хотел " Континентал" во Скопје.

На состанокот се дискутираше за реактивирање на ELAN (Environmental Law Drafting Network) мрежата чии членови се претставници на релевантните Министерства во ЈИЕ, се запознаа членовите на мрежата со најновите достигнувања на полето на транспонирањето на европското законодавство во националното и се промовираа електронски алатки за комуникација помеѓу членовите на мрежата.

Краен корисник на проектот се Министерствата за животна средина во регионот како Министерства одговорни за транспонирање на законите од областа на животната средина а донатор на проектот е Европската Унија.





Од состанокот одржан на 15 и 16 Ноември 2007 год. во х. Континентал во Скопје

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
**Раководител на проекти**
kornelija@rec.org.mk

**Издава:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** РИ-Графика
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center
for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита
на животната средина
за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел/факс: 02 3090 135, 3090 136
3060 146 и 3060 147
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ОБУКИ ЗА РАКУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

Во рамките на проектот "Обуки за ракување со медицински отпад" кој го спроведува Регионалниот центар за заштита на животна средина, Канцеларија во Македонија во периодот ноември декември 2007 година се одржаа две дводневни обуки на тема "Ракување со медицински отпад - законски барања, искуства и добри практики".

Обуките се предвидени за медицинскиот персонал во медицинските установи кои директно ракуват со медицинскиот отпад. Материјалите на обуката беа презентирани низ упатства и практични примери, што придонесува кон приближување на законската материја до оние што се задолжени за нејзината примена. Темите кои што се предвидени со обуката се:

- Европска легислатива за ракување со медицински отпад;
- Примери и добри практики за ракување со медицински отпад;
- Опасности од несоодветно ракување со медицински отпад;
- Сегрегација на медицински отпад;
- Национална легислатива за ракување со медицински отпад и
- Правилник за ракување со медицински отпад.

Обуките се одржаа во хотел "Инекс Горица" во Охрид во термини 26-28 ноември и 17-19 декември, 2007 година. Ќе бидат организирани вкупно 4 идентични обуки во рамките на проектот со што ќе се покријат голем број релевантни здравствени работници од здравствените институции во Републиката.




Учесници на првата обука одржана од 26-28.11.2007г.




Од втората обука одржана на 17-19.12.2007г.

Во рамките на проектот предвиден е и избор на една медицинска установа во која ќе се спроведе пилот проект кој што има за цел да ги воведе добрите практики за ракување со медицински отпад во избраната установа. Во рамките на овој пилот проект ќе се следи ракувањето со отпадот во одреден временски период и ќе се направи анализа на состојбите со конкретни препораки за надминување на одредени слабости, а воедно проектот ќе допринесе и за намалување на бројот на незгоди и повреди од остри предмети и поголема сигурност на медицинскиот персонал во болниците.

Крајни корисници на проектот се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство а средствата се обезбедени од DEFRA програмата на Британската влада преку Британската Амбасада во Скопје.

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
**Раководител на Проекти**
kornelija@rec.org.mk

# НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Увидувајќи ја потребата за изработка на Национална стратегија за инвестиции во животната средина (НСИЖС), Австриската Агенција за Развој (АДА) и Министерството за животна средина и просторно планирање обезбедија финансиски средства за спроведување на проектот. Регионалниот центар за заштита на животната средина (РЕЦ) е именуван како носител на проектните активности. Проектот започна во октомври 2007 г., а рокот за негово завршување е крајот на октомври 2008 г. Оваа дата коинцидира со завршните активности на подготвувањето на буџетот за 2008 г., така што проектните резултати може да се интегрираат во програмите за финансирање за 2009 година.

Покрај тимот на експерти што е ангажиран за потребите на спроведувањето на проектните активности, формирана е и Единица за координирање на проектот, во која членуваат Австриската Агенција за развој, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за здравство, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС, Бирото за стопански недоволно развиени подрачја, АДКОМ, Државниот завод за статистика, Агенцијата за енергетика и Стопанската комора.

Основни двигатели за спроведување на инвестициите во животната средина се апроксимацијата со ЕУ и потребата за подобрување на квалитетот на животната средина и човековото здравје. НСИЗС ќе претставува значаен катализатор на овие процеси. Тие, од друга страна, бараат значајни заложби, за кои во моментот не постојат соодветно изградени капацитети на институциите и другите чинители.

Стратегијата примарно се концентрира на инвестиции за секторите што предизвикуваат најзначајни негативни влијанија врз животната средина, а во кои Македонија сериозно заостанува во споредба со земјите во Унијата. Тие се управувањето со квалитетот на воздухот, водите, отпадот, енергијата и заштита на природата. Кај овие сектори, а особено за отпадот и водите, инвестициите што се планира да се реализираат среднорочно, иако обемни, имаат потенцијал да придонесат кон одржливост на економијата и стимулирање на нови вработувања. Обезбедувањето на ваков вид на инфраструктурни објекти е исто така важно за инвеститорите, кои би биле заинтересирани за вложување во една земја - кандидат за влез во Унијата.

Во изминатиот период е направен значаен напредок во однос на спроведувањето на проектните активности. Одржан е прелиминарниот состанок на општествените чинители и утврден е Работниот план кој се состои од 7 фази.

За резултатите од секоја измината фаза ќе известуваме во наредните броеви на билтенот.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проекти**
ana@rec.org.mk

# ЕМАГ ГО ОДРЖА ДЕВЕТТИОТ КВАРТАЛЕН СОСТАНОК ЗА ПРОЕКТОТ СКОПСКА ОБИКОЛНИЦА

Како што веќе пишувавме во претходните броеви, активностите на проектот за ЕМАГ за Скопската обиколница, фаза 2 продолжија и во текот на месец ноември.

Групата ги разработува прашањата кои произлегуваат за време на мониторингот на животната средина на изградбата на обиколницата.

Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ) го одржа својот деветти квартален состаок и инспекција на терен во периодот од 28-29 ноември, 2007 год. ЕМАГ го проценува спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторингот од изградбата на западната секција од проектот Скопска Обиколница Фаза 2, финансиран од Европската Банка за Обнова и Развој (ЕБРД).
За време на последните состаноци и посет на терен, подолу споменатите прашања беа дискутирани на кои ЕМАГ работи, во соработка со ТЕРНА, ГИМ и ФМРП.
Асфалтна База Стенковец.. Изведувачот досега поставил два слоја асфалт по целата должина на трасата но поради временските услови и многу ладното време асфалтната база не работи и поставувањето на третиот последен слој асфалт ќе биде направено во рана пролет по почнување со работа на базата. Второто тестирање на емисиите во воздухот ќе биде спроведено во рана пролет, две недели по рестартирањето на асфалтната база.
Заштита на столбовите на мостот на река Лепенец од оштетувања од поплави. Препорачаните габиони сеуште не се поставени на дното на реката и странично, за да се заштитат од ерозија речниот канал и столбовите на мостот, а ова е одобрено од ФМРП и се планира да се спроведува во месец декември.
Привремениот материјал со кој беше наполнет каналот на реката Вардар е отстранет, па така крајната линија на текот на реката е како што била и порано пред да започне изградбата. Дополнително, според главниот оригинален дизајн, цевчест одвод ќе биде поставен во наредните недели паралелно со текот на реката и околу 10-20 метри од реката на северниот крај, за да се прифаќаат одводните води и постојана брана ќе биде изградена помеѓу цевката и реката за да се заштити цевката, столбовите на мостот и Контрола од ерозија на целата обиколница и План за ревегетација. Спроведувањето на мерките за контрола на ерозијата и ревегегацијата е започнато на повеќе места по должина на автопатот. Засадувањето на борови дрва е во тек на местото на депониите. Повеќе позајмишта се наполнети со земја и отстранета е опремата и се подготвуваат за ревегетација, со видови на дрва како што се тополи, одноно јасики. Ревегетацијата на областа околу мостот на река Лепенец ќе започне наскоро, со засадување на 0.5 ха со дрва и 0.9 ха на кои ќе бидат засадени мешавини од трева.
Следната мисија на Мониторот за животна средина и на грпата ЕМАГ ќе биде реализирана во месец март 2008 год. Веб страната ги содржи сите записници од кварталните состаноци на ЕМАГ и резултатите од посетите на терен. Дополнително веб страната на РЕЦ ја содржи и Табелата со акции која обезбедува сумирани детали на горespоменатите прашања кои се разгледуваат за време на состаноците на ЕМАГ како и посетите на терен.

Лице за контакт:
**Марина Орцанова**
**Технички секретар**
marina@rec.org.mk

# БЕЛГРАДСКА МИНИСТЕРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА “ЖИВОТНА СРЕДИНА ЗА ЕВРОПА”

Белградската конференција е шеста по ред во состав на регионалните средби на министрите за животна средина и другите креатори на политиките за животната средина. На овие средби вообичаено се дискутира за начините како да се зајакне соработката во насока кон заштита и подобрување на квалитетот на животната средина. Процесот “Животна средина за Европа” има за цел да ги хармонизира условите и политиките во животната средина за сите членки на UNECE Крајна цел е подигање на стандардите на глобално ниво.

Овој процесс отпочна во 1991 со конференцијата во Прага, втората средба беше организирана во Луцерн, третата во Софија, четвртата во Архус и петтата во Киев.

За време на одржувањето на овие конференции, Министрите за животна средина во Европа се договориле за отпочнување на нови иницијативи, дискутирале за состојбата на животната средина, усвоиле закони за животна средина од меѓународно значење и се усогласиле по однос на стратегии за подобрување на квалитетот на животната средина и човековото здравје. На овие средби исто така е овозможено да се среќаваат креаторите на политиките за животна средина со лидери на бизнис секторот и невладините организации.

Агендата на Конференцијата беше утврдена на следниот начин:

**Официјално отварање**
**Процена и имплементација**
**Образование за одржлив развој**
**Биодиверзитет**
**Изградба на капацитети**
**Партнерства**
**Иднината на процесот**

РЕЦ беше уште еднаш застапен на Министерската конференција, која што оваа година се одржа во Белград во периодот од 11-12 октомври.




Обраќање на г-дин Хуммер на промоцијата на зелениот пакет

Претставници од Канцеларијата во Македонија на РЕЦ учествуваа на повеќе “странични настани“, кои обработуваа различни теми. Исто така, беа направени формални и неформални контакти со претставници на меѓународните институции, како што се Светската банка, ЕЕА, OECD, OSCE, EBRD, UNEP, UNITAR, UNESCO итн.

РЕЦ се претстави со повеќе документи и публикации. Да ги спомнеме документите во кои се утврдува трендот на потрошените финансиски средства во финансирањето на проекти во животната средина во земјите на Централна и Источна Европа, низ учеството на приватните, јавните и меѓународните фондови.  Исто така, беше разработена анализа на учеството на локалното финансирање и трендот на превземање на улогата на промотор на проектите во животната средина од страна на општините.

РЕЦ учествуваше на штандот на UNEP во промовирањето на резултатите на работата на PCFV (партнерство за чисти горива и возила), преку отстранување на оловните бензини и намалувањето на концентрацијата на сулфурот во горивата.

На Белградската конференција РЕЦ ги промовираше резултатите на “Зелениот Пакет“ кој досега се имплементираше во 9 земји во регионот. Во моментов се изработува македонска националана верзија на пакетот со средства донирани од Австриската влада преку Austrian Development Cooperation, а во следните две години “Зелен Пакет“ ќе добијат и училиштата во Србија, Црна Гора и Босна и Херцеговина. Проектот “Зелен Пакет - обрзование за одржлив развој за училиштата во Македонија“ го претстави  господинот Hans-Jörg Hummer, Советник за

техничка соработка на Австриската амбасада во Белград, кој во своето обраќање ја потенцираше успешноста на проектот и значењето на еден ваков вид на наставни помагала во услови кога сите напори на заедниците се насочени кон одржливо живеење и зачувување на животната средина. Исто така на овој настан беше промовирана и програмата “Зелен пакет - јуниор“, која е наменета на најмладата популација.

Покрај тоа, РЕЦ активно се вклучи во настаните со кои се одбележуваше напредокот на процесот на ублажувањето на климатските промени.

Во завршниот дел на Конференцијата Министрите усвоија Декларација, во која ги резимираа заклучоците за потребите од нови заложби.

За повеќе информации околу Министерската Декларација посетете ја адресата ece.belgrade.conf.2007.8.e.pdf.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проекти**
ana@rec.org.mk

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА САРАЈ

Во продолжение на активностите во рамките на проектот за одведување и пречистување на отпадните води во општина Сарај (финансиран од Министерството за надворешни работи на Норвешка), се пристапи кон отпочнување на изработката на идејниот, а потоа и основниот проект за канализација и пречистителни станици за селата: Горна и Долна Матка, Грчец, Крушопек, Лака, Шишево, и Глумово.

Во изминатиот период по завршувањето на Физибилити студијата во месец август, процесот што беше спроведуван од страна на РЕЦ, Локалниот комитет предводен од Градоначалникот се насочи кон решавање на следните проблеми:

- Геодетските подлоги за населените места не обезбедуваат веродостојна информација за степенот на изграденост (повеќето од подлогите содржат податоци од периодот 1974-1984 година). Од тие причини беше невозможно да се постави канализационата мрежа низ населените места;
- Заради забрзаното ширење на населените места по долината на река Треска во некои подрачја беше отежнат изборот на локациите на пречистителните станици.

Општината Сарај со своите служби интензивно се вклучи во проектот и придонесе голем дел од претходно наведените проблеми да бидат соодветно решавани.

Во месец август исто така се објави повик за заинтересирани понудувачи за изработка на Основниот проект и негова Ревизија. Повикот резултираше со доставување на понуди, од кои Комисијата составена од претставници на РЕЦ и општината Сарај направи соодветен избор.

Со деталните теренски истраги можно е да се утврди потреба од промени во идејниот проект. За секоја промена, како што и до сега беше вообичаено, ќе се одлучува преку консензус со претставниците на корисникот.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проекти**
ana@rec.org.mk

# ОБУКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА ЧИСТИОТ РАЗВОЕН МЕХАНИЗАМ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ОТПАД

Регионалниот проект финансиран од страна на Министерството за просторно планирање и животна средина на Холандија со цел да се подигне свеста и зајакне капацитетот на општините за потенцијалниот трансфер на инвестиции и технологии преку CDM што придонесуваат кон намалување на емисии, како и кон постигнувањето на националните приоритети за одржлив развој, заврши со одржување на обука на 12 општини во Скопје. Поканети беа општините Велес, Гостивар, Охрид, Прилеп, Струмица, Радовиш, Ресен, Битола, Гевгелија, Кавадарци, Македонски Брод и Демир Хисар.

Обуката се насочи кон промовирање на согорување на метан од депонии за комунален отпад - проекти со мал обем. Изборот на темата беше направен поради потенцијалот на овој вид на ЦДМ проекти да им овозможат на националните и локалните општествени чинители да најдат одржливи решенија за рекултивација и рехабилитација на неуредените комунални депонии во Република Македонија.

За време на обуката учесниците добија копија од Прирачникот за подготвување на Проектна идеја (Project Idea Notes - PIN) за проекти од областа на согорување на метан од комунални депонии. Исто така беа подготвени презентации со цел запознавање на учесниците со релативно комлексните процедури на подготовка и спроведување на овој вид на проекти.

Презентациите главно ги обработуваа следните теми: Протоколот на Кјото, Чист развоен механизам и неговиот проектен циклус, Сценарио на проектен основен статус (Project Baseline scenario), дополнителност (additionallity), опфат и потреба од Проектна идеја (Project Idea Note).

Покрај теоретскиот пристап, предавачот г-дин Емилијан Мохора примени техники на интерактивни вежби, со цел проверка на степенот на разбирањето на темите од страна на учесниците. Вежбите покажаа дека учесниците се заинтересирани за моделот на CDM, но и покрај можноста самите да изработат Проектна идеја за сопствената општина, тие потенцираа дека натамошните чекори околу иницирање на ваков вид на проекти во општината ќе треба да бидат направени на друго ниво. Лобирањето на промовирање на CDM проекти во општините сепак ќе треба да се направи не само преку обуки, туку и преку посветување на доволно внимание на оваа проблематика од страна на државните органи во комуникацијата со локалната самоуправа.




Од обуката одржана во Скопје

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проекти**
ana@rec.org.mk

# SECTOR- ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ПРВ КРУГ НА НАЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

Во изминатиов период во рамките на првиот круг на националните грантови се спроведоа следиве активности:

## 1. Модерни методи за управување со органски отпад во струмичкиот регион

ЗГ Агро-биотика од Струмица;

- Изградена е локација за компостирање 48.30м$^2$ бетонска арматурна подлога;
- Набавени се и поставени 20 двокоморни компостери со зафатнина од 2м$^3$, изработени од дрво и метална мрежа;
- Набавено е облека и алат за работа;
- Набавени се и поставени 20 канти за органски отпад од 120 л. специјално обележани со назнака „органски отпад„.
- Набавена е градинарска дробилка, со која органскиот отпад соодветно се преработува (се ситни) на помали парчиња погодни за компостирање.
- Реализирана е јавна кампања со која е опфатена дистрибуција на 2.000 флаери во кои е презентиран проектот и 2.000 флаери во кои е прикажано компостирањето како процес. На локалните медиуми ТВ ВИС, ТВ Интел и Експрес Радио емитувани се соопштенија и спотови за проектот. Медиумската кампања траеше од 10.09 - 30.09. 2007 со по 5 емитувања дневно на секој од медиумите.

## 2. Дендропарк на Шумарски Факултет

Здружение на студенти на Шумарски факултет ДРЕН од Скопје;

Спроведувањето на проектот во рамките на првата фаза се одвива солидно, со ефикасно и ефективно остварување на активностите. Имено, облагородувањето на дендропаркот се реализира со премер и компјутерска дигитализација на дендропаркот, подготовка, изработка и поставување на информативни таблички и табли и поставување на парковски елементи. Од суштинско значење е остварената меѓусебна соработка на ШФС и ФЗНХС, поточно здружување за формирање на координативно тело за управување со дендропаркот. Исто така, вклучувањето на Сојузот на студентите од ФЗНХС претставува дополнителен придонес во реализација на проектот. На крај од првата фаза јавноста соодветно преку медиумите, се запознава со активностите што се преземаат во дендропаркот.

Поради домаќинско работење со доделените финансии, се оствари заштеда на парични средства. Средствата од оваа заштеда се искористени за поквалитетна изработка на информативните таблички и табли и нивно поставување (подобрена стабилност на постаментите додавајќи повеќе бетон во основата, а инф. таблички и табли, наместо директно на лим, се испечатени на бела ПВЦ самолеплива фолија, заштитена со провидна фолија отпорна на надворешни влијанија, налепени на пластифициран лим).

## 3. Живеј зелено

Центар за одржлив развој на заедниците од Дебар;

Во рамките на проктните активности, се направи анкета за состојбата на неконтролираниот урбан развој.

Преку успешната соработка со партнерот на проектот ЕКО НЕТ се отвори форум за дискусии на веб страната www.eko.net.mk каде што им се даде можност на граѓаните од
Република Македонија слободно да го искажат своето мислење за неконтролираниот урбан развој. Форумот е достапен на два јазика (македонски и албански).

- Се дизајнираа постери, стручни брошури и банери преку кои ќе се иформираат граѓаните и сите засегнати страни;

- Од страна на ЦОРЗ волонтерски беше одржана уште една јавна дебата, на шестиот саем на НВО што се одржа на 16 и 17 ноември во Скопје;
На 28 ноември 2007 г. со почеток во 18.00ч во салата за состаноци на ФОМЕК, спроти Влада на РМ се одржа јавна дебата на која учествуваа претставници од општина Центар, урбаните заедници на територијата на Центар, членови на Советот на општината, инвеститори, НВО од обласа на животната средина кои делуваат на подрачјето на општината и заинтересирани граѓани.

### 4. Сите сме во кругот заедно

ФРОНТ 21/24 од Скопје;
Првата фаза од имплементацијата на проектот во најголема мера се одвиваше според планот и сите предвидени активности успешно и навремено се реализираа:
- Програмата за собирање и откуп на амбалажата е дефинирана и истата е прилагодена на можностите и условите во училиштата. Склучен е договор со Еко Пет компанијата која ќе го врши откупот и транспортот на собраната амбалажа. Процесот на собирање е започнат во две од трите училишта.
- Формирани се мултиетничките работни групи во секое училиште. Во истите учествуваат ученици од македонска, албанска и турска националност.
- Успешно се завршени сите планирани обуки на членовите на работните групи преку следниве работилници:

а) Во природата се е поврзано;
б) Третото Р - Рециклирање; ПЕТ како материјал и неговиот процес на рециклирање;
в) Формирање на тимови; Промотивни активности.

Едукацијата на сите ученици е успешно реализирана. Изработени се 5.220 едукативни брошури на македонски, албански и турски јазик. Брошурите ги опфаќаат темите одржлив развој, тројното р, рециклирање, а посебен фокус има на пет амбалажата, нејзиното рециклирање и секако практичните совети за програмата за рециклирање од овој проект. Секој ученик од средните училишта во Гостивар доби примерок од брушурата која истовремено е и Дневник во кој ќе се евидентира учеството на секој поединец во проектот.

### 5. Кровна градина

ДАРОВЕСТ;
1. Изработена техничка документација;
2. Конструкција на градина (Дел од системот за дренажа (бетон за пад), надворешни скали, ограда, хидроизолација);
3. Печатење на брошури (Дел од прва кампања за подигнување на свеста на јавноста наменети за родителите на децата во Детската градинка, каде што се информираат родителите за придобивките од градината во средината на Детската градинка);
4. Поставување на првите параметри за мерење на ефектите на градината ( мерење на истек на дождовна вода и температура).

Поради временските услови активностите започнаа подоцна.

### 6. Селектирање на отпад, пилот проект во Велес

ЕГ Грин Пауер од Велес;
Во рамките од првата фаза од проектот, беа спроведени следниве активности:
Набавка на 50-тина канти: Беа собрани по 3 понуди од светски познати фирми за производство на канти и контејнери, избор на најповолна понуда (во првиот месец од проектот);
- Запознавање на јавноста: Реклами на локално радио, локална телевизија, национален ТВ прилог, македонско радио, дел од проектот е спомнат во прилог во дневниот весник Дневник, Канал 77;
- Организирање на забава: На забавата за запознавање на жителите со проектот влезница беше пластично шише и на истата присуствуваа околу 200 граѓани; Собирање на комуналниот отпад од Јавното Претпријатие “Дервен“;
- Собирање на ПЕТ амбалажата и хартијата од кантите и контејнерите: - Неколку пати неделно собирање и нивно транспортирање до фабриката во Превалец (околу 200 килограми ПЕТ и 350 килограми хартија).

Собирањето на ПЕТ амбалажата и хартијата од кантите и контејнерите се врши неколку пати неделно и нејзино транспортирање до фабриката во Превалец;
На организираните 3 акции за собирање на стара облека: беа собрани околу 100 килограми облека

# SECTOR- ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ
# ВТОР КРУГ НА НАЦИОНАЛНИ ГРАНТОВИ

Во текот на месец Ноември 2007 г., во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија пристигнаа вкупно 48 концепт документи. Овие документи беа разгледувани од страна на Локален Советодавен Одбор кој брои 5 члена. Неговата работа ја води директорот на РЕЦ во Македонија кој исто така има право на учество во дискусиите и право на глас.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија го организира состанокот за оценување на 26 ноември 2007 година, со почеток во 13.30 часот. Сите концепциски документи се разгледуваа еден по еден. Од вкупно 48 поднесени концепциски документи, од страна на ЛСО беа селектирани 15 концепти кои понатаму треба да се развијат во комплетни предлог проекти.

Граѓанските здруженија од областа на животната средина (ГЗЖС) во Република Македонија добија целосна поддршка при подготвување на комплетните предлог проекти.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во своите простории организираше 3 работилници и тоа на:

- 17 декември 2007 г;
- 18 декември 2007 г; и
- 21 декември 2007 г.

со следнава програма:

Целна група:

- Селектирани ГЗ во фазата на концепциски документи кои ќе изготвуваат целосни предлог проекти.



Работилница одржана на 21.12.2007 г.

Цели на обуката:

- Помош на ГЗ во подготвување на целосен предлог проект;
- Да се обезбеди дека целната група ја разбира грант програмата и нејзините специфичности (развивање на логичка рамка, медиумска покриеност, теми, буџет).

Содржина на работилницата:

Обуката имаше за цел да ги запознае ГЗ со потребната детална документација за учество во фазата на целосен предлог проект и процесот кој се однесува на тематската содржина и буџетските прашања. Дополнително, обуката треба ги екипира ГЗ со алатки и вештини за комуникација со медиумите со цел да се подобрат односите со јавноста, што е дел од оваа грант програма.

ГЗ се очекува да имаат подлабоко разбирање за обемот на грантовите за SECTOR програмата, да бидат во можност да ги мобилизираат подобро нивните ресурси за поттикнување на ефикасноста на пристапот и методите кои се користат во нивните предлог проекти.

За време на обуката концептите беа презентирани и дискутирани. Повиканите ГЗ подготвија кратка презентација за нивните концепти (5 слајда) со следнава содржина:
1 слајд. Поставен проблем за урбана одржливост;
2 слајд. Цели и задачи на проектот;
3 слајд. Планирани активности;
4 слајд. Влијание врз животната средина;
5 слајд Одржливост на проектот.

Презентациите беа проследени со 15 минутна дискусија низ која експертите дадоа своите коментари и препораки од процесот на оценување.

Краен рок за поднесување на целосните предлог проекти: 30 јануари 2008 година.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
**Асистент на проекти**
valentina@rec.org.mk

# РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА - КАНЦЕЛАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Корисннчки земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

тел/факс: (02) 3090 135
(02) 3090 136
(02) 3060 146

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*